# З А П И С Н И К
**од Триесет и третата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 27.10.2017 година**

**Скопје, октомври 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и третата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 27.10.2017 година**

Седницата започна во 17:20 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Рената Тренеска - Десковска, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска - Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и Власте Димковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија и Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска - Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Билен Саљиji, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност и Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија.

*

*           *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за покренување на иницијатива за задолжување за реализација на проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“

2. Информација за склучување на билатерален договор за ко-финансирање на проектот „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води за градот Скопје“ помеѓу Европската комисија и Владата на Република Македонија, со текст на Билатерална спогодба помеѓу Република Македонија и Унијата за кофинансирањето на главниот проект „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Градот Скопје“, што е дел од повеќегодишната акциска програма за Република Македонија за животна средина и климатски промени и транспорт за годините 2014-2016 година, според Инструментот за претпристапна помош II (ИПА II) и Анекс кон Спогодбата

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

*           *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на иницијатива за задолжување за реализација на проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“ (најнов текст) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за покренување на иницијатива за задолжување за реализација на проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“.

2. Го прифати вториот начин за финансирање кој предвидува обезбедување на финансиски средства за целосна изградба на пречистителната станица со секундарен третман на отпадни води.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање веднаш по усвојувањето на Информацијата да подготват и достават барање до Европската банка за обнова и развој, Европската инвестициона банка и КфВ банката за да доставаат заедничка понуда за подготовка и финансирање на проектот со заем, инвестициски грант и грант за техничка помош.

4. Се задолжува министерот за финансии веднаш по реализацијата на заклучокот бр.3, да ја извести Делегацијата на Европската Унија во Скопје дека Владата на Република Македонија ја започна постапката за обезбедување на финансиски средства за целосна изградба на пречистителната станица во Скопје со секундарен третман на отпадни води.

5. Да престане обврската на Министерството за животна средина и просторно планирање за постапување по Заклучокот од 29-тата седница на Владата, одржана на 26.9.2017 година, донесен по точка 11, под бр.4, согласно кој Министерството беше задолжено за доставување на предлог рамковен проект за подготовка на техничката и тендерската документација за пречистителната станица за отпадни води за градот Скопје за финансирање преку ИПА 2.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на билатерален договор за ко-финансирање на проектот „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води за градот Скопје“ помеѓу Европската комисија и Владата на Република Македонија, со текст на Билатерална спогодба помеѓу Република Македонија и Унијата за кофинансирањето на главниот проект „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Градот Скопје“, што е дел од повеќегодишната акциска програма за Република Македонија за животна средина и климатски промени и транспорт за годините 2014-2016 година, според Инструментот за претпристапна помош II (ИПА II) и Анекс кон Спогодбата и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го разгледа и прифати усогласениот текст на Билатералната спогодба помеѓу Република Македонија и Унијата за кофинансирањето на главниот проект „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Градот Скопје“, што е дел од повеќегодишната акциска програма за Република Македонија за животна средина и климатски промени и транспорт за годините 2014-2016 година, според Инструментот за претпристапна помош II (ИПА II).

2. Се определува во име на Владата на Република Македонија, министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураки, по пат на размена на писма, да ја потпише Билатералната спогодба помеѓу Република Македонија и Унијата за кофинансирањето на главниот проект „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Градот Скопје“.

3. Се задолжува Секторот за централно финансирање и склучување на договори да го потпише договорот со избраниот изведувач на градежни работи на проектот за „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води за Градот Скопје, најдоцна до 28.10.2017 година.

**<u>Точка 3</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 4</u>**

**1.** Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст.

**2.** По повод укажувањето на д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, во врска со одредбите на донесениот Закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, за обезбедување на паричен надоместок на стечајните работници кои ги исполнуваат условите наведени во Законот, Владата заклучи Министерството за економија во соработка со надлежните институции да подготви список со податоци за претпријатијата во кои Република Македонија се јавува како доминантен сопственик на капиталот и истиот да го достави до Владата, односно до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо

Анѓушев, министерот без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, д-р Зоран Шапуриќ и Агенцијата за вработување на Република Македонија.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:30 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**